# СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# НАЦИОНАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ДЕЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА
ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# НАЦИОНАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ДЕЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дизајн и графичка подготовка:
Скенпоинт

Тираж: 1000 примероци

OSCE
Organization for Security and Co-operation in Europe
Spillover Monitor
Mission to Skopje

Публикацијата е отпечатена со поддршка на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје.

Содржината на ова издание не значи дека секогаш ги одразува погледите или ставовите на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје.

# ПРЕДГОВОР

Криминалитетот како појава со општествен негативен предзнак, како штетна појава по општеството и како опасна појава за успешно функционирање на правниот, економскиот, социјалниот и на другите системи, наоѓа погодна подлога за ширење и развој во државите што се наоѓаат во политичка, економска, социјална и правна криза или транзиција. Денес, транзициските процеси се остваруваат со голема динамика и со тенденција да ги зафатат сите сегменти на општествената структура и сите слоеви во општеството. Токму затоа, по правило, тие произведуваат состојби што Е. Диркем ги дефинира како состојби на „аномија" која сама по себе произведува општествена дезорганизација на сите нивоа на функционирањето на државата и општеството. Овие состојби имаат повратно влијание на појавата на криминалитетот во сите области од општествениот живот. Тие произведуваат состојби што придонесуваат криминалитетот да навлезе во сите области од животот, а неговите феноменолошки карактеристики да се јавуваат во нови, поопасни облици. Токму поради овие состојби се наметнува потребата овие држави да градат своја криминална политика, поставена врз научна основа, за успешно превенирање на криминалитетот и за негово успешно попречување и отстранување. Таквата криминална политика претставува посебна стратегија за борба против криминалитетот, бидејќи криминогените фактори што ја условуваат неговата појава, во различните области од животот, дејствуваат со различен интензитет, а нивното совладување и отстранување секогаш бара специфичен пристап во зависност од тие односи.

Во услови на брзо ширење на криминалитетот во сите области од животот, со елементи на организираност, со вклучување голем број учесници, со елементи на интернационалност, без познавање граници, особено на ширењето на криминалитетот со недозволеното производство и трговија со дроги, трговија со оружје и нуклеарни отпадоци, огромното навлегување на пазарот на стоки со фалсификувани ознаки за квалитетот и за потеклото ја „произведоа" и ја поттикнаа криминалната активност во сферата на трговијата со луѓе и илегалната миграција. Основниот белег на ваквата криминална активност е сексуалната експлоатација, присилната работа и сл.

Непоправливите штети што земјите ги трпат од негативните појавни облици на овој криминал, со елементи на транснационалност, во современи услови негативно се одразува на суштествените функции на општествениот живот, што предизвика владите да преземат енергични мерки за еднаков одговор кон криминалните структури за негово сузбивање. Оваа стратегија, изготвена од тим експерти, помогнати од поширок круг на луѓе од различни провиниенции на некој начин поврзани во борбата против ова зло, донесена и прифатена од Владата на Република Македонија само укажува дека нашата земја има конзистентна политика и намера да даде енергичен придонес во одговорот на криминалните организации во борбата против овој вид организиран криминал.

Се надевам дека целта со донесувањето на стратегијата не е завршена, а нејзината мултидимензионалност овозможува извршување на активностите на посебните подрачја, што, пак, ќе доведе до намалување на трендот на трговијата со луѓе, криумачарењето мигранти и сите оние облици кои само го олеснуваат постоењето на овој криминален феномен до минимални рамки, со што ќе ја направи самата цел остварлива.

Затоа, големо е задоволството што гледам дека овој документ ќе придонесе во поуспешната борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, како меѓународно општествено зло.

д-р Гоце Џуклески,
Државен секретар, Министерство за внатрешни работи
и Национален координатор

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА
ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТРАТЕГИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, март 2006 год.**

# СОДРЖИНА

1. Вовед ....................7

2. Заднина - анализа на состојбата во врска со трговијата со луѓе ....................9

3. Институционална рамка ....................10

4. Предводечки принципи ....................11

4.1. Законодавство ....................11
4.2. Меѓународна соработка ....................12
4.3. Едукација ....................14

5. Стратегиски и специфични цели ....................16

- Поддржувачка рамка ....................16
- Превенција ....................16
- Поддршка и заштита на жртвите и сведоците ....................16
- Истрага и кривично гонење на жртвите ....................17

6. Имплементација ....................18

# ВОВЕД

Со стратегијата за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција во Република Македонија, Националната комисија има за цел да ги постави насоките и приоритетите за справување со овој криминален феномен.
Тргнувајќи од уставните одредби со кои корпусот на основните слободи и права на човекот и граѓанинот и почитувањето на општоприфатените норми на меѓународното право се утврдуваат како фундаментални принципи на уставното уредување, а имајки ја предвид Спогодбата за стабилизација и асоцијација и Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал со протоколите, Република Македонија во 2002 година донесе Национална програма за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција со единствена интенција, активно да се вклучи во напорите на меѓународната заедница за превенција и борба против трговијата со луѓе, како еден од најтешките облици на организираниот криминал. Еклатантен пример за потврда на ваквиот став претставува постојното законодавство кое колку и да е усогласено има ограничена вредност ако нема поддршка од владејачката структура и политичката волја за негова непосредна и безусловна примена.

Во оваа насока се и активностите кои се преземаа, пред сѐ, поради грижата што државата ја презема за безбедноста и личниот интегритет на граѓаните со цел за нивна заштита од активностите на криминалните организации кои се занимаваат со трговија со луѓе и криумчарење на мигранти, кои, пак, претставуваат уште еден сегмент, покрај останатите, за изготвување на Националната програма за борба против ова зло на 21 век.

Во Програмата се адресирани активностите кои одат во насока на откривање на причинско-последичните врски кои имаат одредено влијание на трговијата со луѓе на национален и регионален план, откривањето на носителите на овие криминални активности, методологијата на работа што се практикува, мерките кои се преземаат на превентивен план, како и дејствата што се преземаат за кривичниот прогон и за заштита на жртвите на трговијата со луѓе.

Поради комплексноста на феноменот на трговијата со луѓе, што имплицира корелација со останатите облици на организираниот криминал поради глобализацијата и непостоењето на границите меѓу државите-членки на Европската унија, што ја овозможува неговата транснационалност, како неопходност се јавува потребата националната стратегија во иднина да биде фундирана на мултидисциплинарен методолошки пристап при користењето на искуства од практиката и искуствата од останатите земји од регионот и пошироко со цел за поуспешна борба против овој најтежок облик на софистицирано ропство.

Република Македонија, од етаблирањето на Националната комисија, помина низ неколку фази и направи значајни чекори во насока на усогласување на законодавната рамка со стандардите на Европската унија на полето на борбата против трговијата со луѓе.

Од исклучително значење е да се работи на преземање дејства со кои ќе се продлабочат активностите, кои досега беа операционализирани на превентивен план со единствена интенција спречување на овој облик на организиран криминал. Во таа насока и во иднина активностите ќе ги адресираат алокацијата и редукцијата на економските и социјални фактори што влијаат на процентуалната застапеност на жртвите на трговија со луѓе:

- идентификација на степенот на домашното насилство;
- поттикнување на кооперативноста помеѓу владините институции и невладиниот сектор со учество во истражувачки проекти за проблемот на трговијата со луѓе;
- промовирање на проекти со кои ќе се спроведуваат програми за економска реинтеграција на ризичните групи.

Превенцијата, идентификацијата, помошта, поддршката, заштитата како и враќањето и реинтеграцијата на жртвите, соодветниот кривичен прогон, меѓународната соработка, едукацијата на институционалните капацитети, координацијата, востановувањето на единствен информативен систем, како и информативно - пропагандното влијание врз јавното мислење, се составен дел и од оваа стратегија.

Целокупната национална номенклатура вклучена во борбата против трговијата со луѓе изразува волја ваквите прогресивни придобивки да се институционализираат и надградуваат.

# ЗАДНИНА – АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА СО ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Трговијата со луѓе, особено со жени и деца, е глобален проблем што се рефлектира и во Република Македонија. Таа се појавува во различни форми и има за цел преку различни облици на експлоатација, да ја искористи жртвата за што поголем профит.

Од анализите извршени од стручните служби на Министерството за внатрешни работи жртви на трговијата со луѓе во Република Македонија најчесто беа девојки и жени по потекло од земјите од поранешниот Советски Сојуз како и оние кои припаѓале на социјалистичкиот блок на држави[1], кои на нелегален начин влегле или се внесени преку веќе етаблираните мрежи за илегален транзит на мигранти во Р. Македонија, а дел оствариле легален влез на територијата на нашата земја. Според сознанијата, дел од жените – жртви на трговија кои на недозволен начин ја преминале државната граница на Република Македонија, преку организирани канали се префрлуваат во соседните земји каде што за одреден финансиски надомест се продаваат на организирани криминални групи од овие земји, додека помал број од нив се префрлуваат во Италија и другите западноевропски држави. На полето на илегалната миграција а врз основа на досегашното полициско искуство територијата на Република Македонија се користи како транзитна земја, при што најактуелни се илегалните минувања преку коридорите запад – исток, север – југ.

Помал дел од женските лица кои на илегален начин влегле на територијата на нашата земја, најчесто останувaат во западниот дел од државата, каде по пат на најразлични лажни ветувања за вработување во угостителски објекти се вовлекуваат во ланецот на нивната нелегална продажба и подведување на проституција. Покрај странските, во последно време регистрирани се и неколку македонски државјанки, најчесто малолетни лица, кои се подведуваат на проституција а со тоа се зголемува веројатноста да западнат во ланецот на трговија со луѓе.

Врз основа на аналитичките согледувања во најголем број нереализирани случаи се работи за појава на принудна проституција на странски државјанки во изнајмени или приватни станови, куќи и куќи за одмор. Контролата на ваков вид објекти особено е потребна со оглед дека тоа не се само места каде се врши присилна проституција, туку и места каде што се засолнуваат жртвите од трговијата со луѓе до нивното продавање.

*1. (Молдавија, Романија, Русија, Белорусија, Украина, Бугарија)*

# ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Владата на Република Македонија, реагирајќи одлучно против трговијата со луѓе и илегалната миграција, сакајќи да постигне повисоко ниво на ефикасност и заедничко дејствување во борбата против овие појави во Република Македонија, донесе Одлука за формирање на Национална комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија[2]. Врз основа на оваа Одлука, Владата донесе Решение за именување национален координатор и членови на Националната комисија[3].

Согласно со Одлуката, Националната комисија има задача да ја следи и анализира состојбата со трговијата со луѓе и илегалната миграција и да ги координира активностите на надлежните институции, меѓународните и невладини организации кои се вклучени во решавањето на проблемите во оваа област.

Секретаријатот е тело кое функционира во рамките на Националната комисија, а секретарот ги реализира одлуките на Комисијата и го претставува ова тело, во кое учествуваат и претставници од меѓународните[4] невладините организации и експерти од владините институции. Во рамките на Националната комисија етаблирана е подгрупа за борба против трговија со деца.

ОРГАНОГРАМ НА НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА




*2. Одлуката е објавена во „Службен весник на РМ“, бр. 18/2001*
*3. Решението е објавено во „Службен весник на РМ“, бр. 19/2001, 26/2002*
*4. ОБСЕ, ИОМ, УНДП, ИЦМПД, УСАИД, УНИЦЕФ, програмите на Амбасадата на САД – ИЦИТАП и ОПДАТ*

## 1. Законодавство

И покрај евидентниот напредок во транспонирањето на стандардизираните законодавни решенија на ЕУ, внатрешниот правен поредок во ова поле на дејствување ќе мора да се надополнува, особено, во насока на изработка на подзаконска регулатива со која ќе се операционализираат законските решенија кои се донесени или се во фаза на донесување, притоа акцептирајќи ги фундаменталните вредности кои се однесуваат на заштитата на човековите права и пристапот кон ориентацијата на жртвите на трговијата со луѓе.

Поддржувајќи ги заложбите и активностите на Меѓународната заедница за ефикасен и координиран одговор на растечките форми на трговија со луѓе, во делот на законодавните активности извршено е дополнување на Кривичниот законик со две нови инкриминации согласно со Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца со кој се дополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален организиран криминал, што Република Македонија ја потпиша во декември 2000 година.

По потпишувањето и ратификацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската унија во 2004 година, Република Македонија во делот од Спогодбата што се однесува на Поглавјето Правда и внатрешни работи, беше обврзана да изврши усогласување на законодавството во насока на поефикасна соработка во борбата со најтешките форми на организираниот криминал, и во тој контекст и на трговијата со луѓе. Стратешка цел на Владата во текот на 2004 година беше борбата против организираниот криминал, уште повеќе ако се има предвид дека Конвенција од Палермо со протоколите ја нагласува потребата од етаблирање на единствена и ефикасна правна рамка како есенцијален предуслов за давање на појак и конзистентен одговор во борбата против овој вид на софистицирано ропство на 21 век.

Во оваа насока, како приоритетни активности на Комисијата, што беа операционализирани во изминатиот период, беа активностите за реформа на кривичното законодавство поради доизградување на правната рамка за поефикасна превенција и сузбивање на делата поврзани со трговијата со луѓе.

Покрај овие измени и дополнувања во законодавството од 2002 година, процесот на усогласување на кривичното законодавство продолжи и во 2004 година, кога се усвоени измените и дополнувањата на Кривичниот законик во одредбата на членот 418-а со вградување на нови дејства на извршување во ставот 1 и воведување на два става 6 и 7 кои се однесуваат на казнување на правни лица и одземање на предметите и средствата употребени за извршување на кривичното дело, како измените во Законот за кривична постапка. Во оваа насока донесени се две нови дела, 418-б криумчарење на мигранти, и член 418-в организирање и поттикнување на извршување на кривичните дела трговија со луѓе и криумчарење на мигранти.

Со внесувањето на инкриминацијата трговија со луѓе во кривичното законодавство на Република Македонија, нашите судови и обвинителства успешно процесуираа голем број на пријавени случаи на кривични дела трговија со луѓе.

Во функција на спроведувањето на правото на заштита на идентитетот и приватноста на жртвите на трговија со луѓе во измените и дополнувањата на Законот за кривична постапка усвоени во октомври 2004 година се воведува нова Глава XIX-а: Заштита на сведоците, соработниците на правдата и жртвите. Согласно со овие одредби, се определуваат процесни и непроцесни мерки за заштита на сведоците, соработниците на правдата и жртвите.

Покрај измените и дополнувањата во кривично правната регулатива, во делот на законодавството донесен е Законот за заштита на сведоци, додека во постапка на донесување е Законот за условите и постапката за следење на комуникации.

Во текот на своето работење Националната комисија ги разгледуваше активностите преземени на законодавен план во насока на осовременување на мерките за следење и ефикасна борба против трговијата со луѓе, унапредувањето на постојната кривично-процесна регулатива за меѓународна правна помош и едукација, како и забрзување на процесот на реформа на кривичното законодавство во борбата против трговијата со луѓе.

Формирањето на правната рамка за заштитата на сведоците и жртвите на криминалните активности уште повеќе е од особено значење, што во изминатата година, во Сараево беше потпишана декларација на министрите за внатрешни работи и државни претставници од југоисточна Европа за борба против организираниот криминал, особено во врска со заштитата и обработката на податоците, како и заштитата на сведоците. Исто така, во Охрид беше потпишана Јадранската повелба од страна на Македонија, Хрватска и Албанија, со приоритетно приклучување и на Србија и Црна Гора и Босна и Херцеговина, со која земјите-потписнички се обврзаа на засилена соработка во сузбивање на организираниот криминал, недозволената трговија со оружје, дрога и трговија со луѓе.

Во однос на помагањето и заштитата на жртвите на трговијата со луѓе, Република Македонија презема активности за обезбедување на правен и административен систем, кој ќе содржи мерки за обезбедување на информации на жртвите за соодветните судски и административни постапки пред надлежните органи. Потоа, да им се овозможи нивните ставови да бидат изнесени и разгледани во соодветните фази од кривичните постапки против сторителите, на начин кој нема да влијае на правата на одбраната. Покрај тоа, се преземаат мерки за обезбедување на соодветно сместување, пружање на совети и информации во однос на нивните законски права, потоа медицинска, психолошка и материјална помош и обезбедување на физичка безбедност на жртвите сè до нивната репатријација.

Ефикасноста на борбата против криминалитетот нужно бара користење на сите расположиви средства и методи од класични (конвенционални) до најнови (современи). Имено, презентирањето информации до органите на прогонот многу често го доведува во опасност изворот на информации (сведокот), неговиот живот, здравје и имот, како и членовите на неговото семејство. Потребата од користење на ваков извор на информации и наметнува на државата обврска да предвиди и соодветен заштитен механизам, кој ќе обезбеди сигурност на сведокот и неговите најблиски.

Иако датира од многу поодамна, во последно време во јавноста, но и кај криминалистичките експерти и полицијата сè повеќе се тематизира прашањето за т.н. Програма за заштита на сведоци, а во врска со тоа особено изгледите таа правно да се регулира кај нас.

## 2. Меѓународна, регионална и полициска соработка

Националната програма за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција во Република Македонија, донесена од Владата на Република Македонија, во петти дел кој се однесува на меѓународната соработка и координација во извршување на законите, ги зацртува основните стратегиски цели и специфични активности, како и носители на активностите за создавање услови за меѓународна соработка и координација во гонење на сторителите на кривични дела кои се однесуваат на трговијата со луѓе.

Со оглед на транснационалниот карактер на трговијата со луѓе, неопходен е мултиагенцискиот и меѓународниот пристап во размената на информации, податоци и сознанија за сторителите на овој вид криминални активности, како и во превентивните мерки и акции, идентификацијата и заштитата на жртвите, и начинот на координација и остварување на кривичното гонење.

Со реформите во Министерството за внатрешни работи во рамките на Одделот за организиран криминал формиран е посебен Сектор за меѓународна полициска соработка во рамките на кој покрај Националното централно биро на ИНТЕРПОЛ, работи и Националната канцеларија на СЕКИ-центарот, а предвидено е по создавањето на потребните предуслови и назначување на офицери за врска со ЕВРОПОЛ.

Соработката на овој сектор во делот на трговијата со луѓе се одвива во повеќе насоки со цел идентификација на причините за појава на трговијата со луѓе, анализа на појавата и етаблирање на механизми за нејзино сузбивање на регионално ниво, како и на меѓународен план.

Размената  на информации, сознанија и податоци меѓу државите која се реализира е со цел идентификување, пронаоѓање, сузбивање, апсење и гонење, односно обвинување на лица или организации вклучени во трговија со луѓе и илегална миграција; откривање и затворање на патиштата, односно каналите и рутите за трговија, криумчарење со луѓе и илегална миграција; идентификување на жртвите од овој вид криминални активности и нивна репатријација  во матичните земји; соодветна грижа, враќање и реинтеграција на жртвите, особено на ризичните групи, како што се жените и децата;  пронаоѓање и обезбедување на сведоци веќе репатрирани во матичните земји а потребни за сведочење пред надлежните судови во Република Македонија; реализирање на можноста за сослушување преку телефонска и видеоконференција; како и согледување на модусот операнди на извршување на кривичните дела од оваа област.

Воедно, Република Македонија зеде учество во  регионалните оперативни акции од оваа област, координирани од страна на СЕКИ-центарот.

За одбележување е практиката на преземање дејства за пронаоѓање на странски државјанки, жртви на трговија со луѓе кои се репатрирани во нивните матични земји, а се потребни за сведочење во поведени кривични постапки пред надлежните судови против обвинети за кривични дела од областа на трговијата со луѓе, која се реализира преку СЕКИ-центарот[5]. Во делот на пронаоѓање на сведоците преку СЕКИ-центарот реализирана е соработка со МВР на Романија, Молдавија, Бугарија, Украина како и други земји чии сведоци се потребни за сведочење.

Од особена важност за Република Македонија е реализираната соработка преку СЕКИ-центарот со Молдавија во реализирањето на видео-конференциско сослушување на сведок од Молдавија пред Основниот суд во Тетово. Ова е единствен случај во регионот на ваков начин да се изврши сослушување на сведок од друга држава.

Регионалната соработка на ова поле е процес на кој му се посветува особено внимание. Согласно со заклучоците, усвоени на состанокот на националните координатори за борба против трговијата со луѓе во Загреб, постигнат е општ консензус дека постојната регионална соработка на полето на сузбивањето на трговијата со луѓе, треба да се зајакнува во континуитет, особено по завршувањето на мандатот на работната група за борба против трговијата со луѓе на Пактот за стабилност.

Како резултат на продолжувањето со силната поддршка на професионалниот развој на полицијата, јавното обвинителство и судството во Република Македонија, на полето на справувањето со проблемот на трговијата со луѓе Секретаријатот во соработка со своите членови и експерти од оваа област  работи на спроведување на некои проекти од КАРДС-програмата а се однесуваат на ова поле.

Во рамките на проектот „Подобрување на спроведувањето на националните акциони планови за борба против трговијата со луѓе на

*5. Само во текот на 2004 година,  до Секторот за меѓународна полициска соработка во Одделот за организиран криминал во МВР, доставени се  20 барања за пронаоѓање на  48 сведоци-жртви на трговија со луѓе или принудна проституција, кои се репатрирани во нивните матични земји, од кои како резултат на преземените мерки и активности преку  СЕКИ-центарот во Букурешт, пронајдени се вкупно 15 од бараните сведоци, од кои за сведочење се обезбедени 11 странски државјанки, согласни да го дадат својот исказ на закажаните рочишта пред надлежните судови.*

земјите во процесот на стабилизација и асоцијација", финансиски поддржан од Регионалната КАРДС-програма „Поддршка на цивилното општество за намалување на прекуграничниот криминал, преку регионални акции за помош во борбата против трговијата со луѓе и антикорупциски иницијативи", во фаза на подготовка е Националниот акционен план за борба против трговија со луѓе, од страна на работна група формирана за оваа цел.

Со активностите опфатени во вториот модул „Овозможување компаративна обука за борба против трговија со луѓе, криумчарење и илегална миграција" од Регионалниот КАРДС-проект за организиран криминал »Развој на сигурни и функционални системи на политики како и унапредување на борбата против главни криминални активности и полициска соработка«, ќе бидат развиени наставна програма и курсеви за обука, што ќе обезбедат кохерентно, сеопфатно, ажурирано, униформирано и квалитетно информирање во областа на трговијата со луѓе, криумчарење и илегална имиграција.

## 3. Едукација

Во рамки на соработката, едукативниот процес и црпење странски искуства за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција, членови на Комисијата учествуваа на работилници и семинари и во таа насока од особено значење е реализацијата на Проектот за тренинг и обука на припадниците на полицијата и судовите за »свесност на полот и борбата против трговијата со луѓе« со кој беше предвидена обука на инструктори за борба против трговијата со луѓе, што се операционализираше врз основа на потпишаниот Меморандум за разбирање меѓу ИОМ, ОБСЕ и МВР.

Во наредниот период акцент ќе му се даде на институционализирањето на едукацијата и обуката во областа на трговијата со луѓе, поточно вклучувањето на соодветните содржини поврзани со оваа појава во редовната програма на училиштата и високообразовните установи.

Едукацијата и обуката мораат да бидат систематски, да одговараат на конкретните потреби (за што треба да се направи и соодветна сондажа), да бидат добро осмислени и да претставуваат континуиран процес, бидејќи само на тој начин може да доведат до посакувани резултати. Потребно е програмите (курикулумите) да се развиваат врз мултидисциплинарен пристап, при што појдовните постулати ќе се темелат врз човековите права, половата рамноправност и недискриминација. Програмите треба да бидат усвоени откако поминат низ соодветна процедура и од страна на надлежни органи.

Една од придобивките на наведената институционализација во оваа толку важна сфера на општественото дејствување е овозможување на координирана активност на овој план, избегнување на непотребно дуплирање или повторување на истите содржини, дури и со исти целни групи, за сметка на некои релевантни субјекти кои воопшто не се или се недоволно опфатени.

Исто така, во оваа област преовладува сфаќањето дека успешноста на спротивставувањето на трговијата со луѓе и илегалната миграција е поврзана со специјализираното образование на целните групи, директно инволвирани во овој процес. Притоа, како целни групи посебно треба да се вклучат полициски службеници, јавни обвинители, судии, адвокати, затворски персонал, социјални работници, здравствени работници, просветни работници, дипломатско-конзуларниот персонал, воени лица вклучени во воени мисии, припадници на НВО, припадници на медиуми, стручни лица кои се грижат и им даваат помош на жртвите на трговијата со луѓе и др.

Учеството на НВО во оваа област во иднина треба да биде димензионирано согласно со капацитетите што НВО ги имаат, поточно нивната стручност, компетентност и обученост, истите да ги реализираат или да бидат дел од веќе воспоставените институционализирани форми на едукација и обука /како значаен партнер во оваа област/. Во таа смисла и како дел од постапката за нивно лиценцирање за работа во областа на трговијата со луѓе би требало да се верификува и нивниот капаци-

тет за едукација и обука. Акцентот на нивното дејствување во областа на едукацијата, пред сè, ќе биде ставен на подигањето на свеста за сериозноста на појавата и штетните последици што можат да проивлезат од неа, како и начинот таа да се превенира.

Истовремено еден од приоритетите ќе биде и иницирањето и реализирањето на истражувачки проекти поврзани со проучувањето на оваа/овие појави. Област која досега неоправдано беше запоставена, а која е многу значајна, особено од аспект на нејзината феноменологија и етиологија, а пред сè, на проучувањето на причините /факторите/ што ја детерминираат оваа, навистина, сложена општествена појава, односно облик на криминалитет. За таа намена ќе мора да се издвојуваат многу поголеми средства и ќе биде неопходна соработка меѓу институциите од високо-образовната и научноистражувачката област не само на национално, туку и на пошироко, пред сè, регионално ниво.

# СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ

Во текот на своето работење Комисијата и во наредниот двегодишен период ќе се фокусира на операционализирање на стратешките цели кои не беа реализирани во изминатиот период, како и спроведување на цели кои се идентификувани со евалуацијата на постојната состојба на полето на борбата со трговијата со луѓе во Република Македонија.

Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција во Република Македонија во наредниот период ќе работи на давање адекватен одговор на овој вид криминални активности преку спроведување на стратегијата во насока на утврдувањето на следните принципи и насоки за дејствување на полето на:

## 1. Поддржувачката рамка

1.1. Координирачки структури

- Зајакнување на координативната улога на Националната комисија
- Секретаријат на НК
- Подгрупа за борба против трговија со деца

1.2. Законска и регулативна рамка

- Повисок степен на усогласеност на домашното законодавство со меѓународните стандарди
- Спроведување на приоритетните активности од АПЕП кои ја опфаќаат оваа појава
- Промена на националното законодавство

1.3. Изградба на капацитети

- Зголемување на капацитетите на државни и недржавни субјекти за борба против трговија со луѓе преку пристап заснован на човекови права

1.4. Мобилизација на ресурси и буџет

- Обезбедување на човечки и материјални ресурси за спроведување на стратегијата и Националниот акционен план за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција

## 2. Превенција

2.1. Подигање на свеста и едукација

- Изградба на конзистентен и постојан систем за едукација и подигање на свест во однос на трговијата со луѓе и илегалната миграција

## 3. Поддршка и заштита на жртвите и сведоците

3.1. Идентификација на жртвата

- Стандардизиран пристап и обезбедување на рана идентификација на жртвите на трговија со луѓе

3.2. Социјална поддршка и заштита на жртвите

- Психосоцијална поддршка и заштита на жртвите

3.3. Пристап до правните постапки, заштита на сведоци и судскиот третман на лицата-жртви на трговија со луѓе

• Целосен пристап до правосудните и административните органи и пружање на соодветна стручна бесплатна помош

3.4. Реинтеграција, социјално вклучување, враќање

• Превенција од повторна виктимизација

## 4. Истрага и кривично гонење на трговијата со луѓе

4.1. Проактивна и ретроактивна истрага

4.2. Меѓународна соработка меѓу органите надлежни за примена на законите и судска соработка.

# ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

Во современи услови загрозувањето на суштествените функции на општествениот живот од овој особено тежок и опасен криминалитет е на многу високо ниво и нема земја која не трпи огромни и непоправливи штети како резултат на распространетоста на некои од неговите појавни облици. Непостоењето на границите помеѓу земјите-членки на Европската унија, софистицираните средства за комуникација, изразената подвижност и флексибилност, поврзувањето на легалните со илегални активности, пронаоѓањето на нови методи на дејствување, како и транснационалниот карактер на организираниот криминал се фактори кои им овозможуваат на криминалните структури, особено од повисоките нивоа, кои се занимаваат со трговијата со луѓе, да бидат недостапни за органите на прогонот.

Од наведеното во овој документ, како и поради фактот што системот на извршување на криминалните активности кои го опфаќаат овој облик на организиран криминал се менува, изнаоѓајќи нови форми за зголемување на приносите, бара и соодветен одговор од Владата и од сите субјекти во спречувањето на овој криминален феномен или негово намалување и конзистентност во политиката на минимизирање на ваквиот појавен облик на организиран криминал.

Успешноста на имплементацијата, пред сѐ, ќе зависи од:

- Институционалните капацитети и нивната способност за управување и координација
- Анализата на состојбата
- Успешност во мониторирањето на операционализацијата на стратешките цели
- Поголема инволвираност на јавната администрација од органите на државната управа надлежни за борба против овој облик на организиран криминал
- Проактивен пристап на Владата на Република Македонија особено во алокацијата на финансиски средства од буџетот за реализација на активности за кои нема да се добијат средства од меѓународните донатори
- Подобрување и поконзистентна соработка меѓу владините институции и меѓународните и невладини организации

Најголема ангажираност за успешно операционализирање на стратешките цели на овој документ се очекува од органите на државната управа и администрацијата во чија надлежност спаѓа спречувањето на овој облик на организиран криминал. Во оваа насока, непосредната соработка и поддршка од страна на меѓународните и невладини организации, исто така, ќе биде од есенцијално значење за неговото имплементирање.

Од финансиски аспект имплементацијата на стратегијата ќе услови импликации кои дополнително ќе бидат утврдени, а ќе кореспондираат со активностите во точно утврдените фази на реализација.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА
ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# НАЦИОНАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Скопје, март 2006 год.

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. ПОДДРЖУВАЧКА РАМКА** | | | | | |
| **1.1. Координирачки структури** | | | | | |
| Зајакнување на координативната улога на Националната комисија | 1. Соработка меѓу сите субјекти инволвирани во борбата против трговија со луѓе во државата: владини институции, меѓународни организации и НВО, координација, мониторинг и евалуација | 1. Координирање на активностите на сите субјекти вклучени во борбата против трговија со луѓе | 1. Координаторот на НК | 1. Континуирано | 1. Зголемена ефикасност во соработката помеѓу инволвираните субјекти во сузбивањето на трговијата со луѓе. |
| | | 2. Одржување на квартални состаноци за анализирање на постигнатите резултати и давање насоки за натамошни активности | 2. Координаторот на НК | 2. Квартално | 2. Број на одржани состаноци и заклучоци од истите |
| | | 3. Изготвување на годишен извештај и доставување до Владата на РМ | 3. НК | 3. Годишен | 3. Прифаќање на извештајот од Владата |
| | | 4. Разгледување на предлози од Секретаријатот на НК и на подгрупата за борба против трговија со деца | 4. НК | 4. Континуирано | 4. Број на прифатени предлози и реализирани задачи |
| | | 5.Остварување на меѓународна соработка | 5. Координаторот и членовите на НК | 5. Континуирано | 5. Остварени активности на меѓународен план |
| Секретаријат на НК | 1. Обезбедување на информации за активностите на НВО и владините и меѓународните организации кои се | 1. а) Изготвување на листа на членови на Секретаријатот | 1. а) Секретар | 1. а) Во текот на 2006 год. | 1. а) Постоење на листа |
| | | 1. б) Одржување на состаноци | 1. б) Секретар | 1.б) Континуирано | 1. б) Број на оддржани состаноци и изготвен адреасар |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | инволвирани во борбата против трговијата со луѓе во државата. | 1. в) Изготвување и редовно ажурирање на адресар (информатор) на владини, невладини и меѓународни организации | 1. в) Секретар | 1. в) Континуирано | 1. в) Број на одржани состаноци и изготвен адреасар |
| Секретаријат на НК | 2. Преглед на целокупните активности спроведени од Секретаријатот | 2. а) Редовно информирање на НК за активностите преземени од членовите на Секретаријатот | 2. а) Секретар | 2. а) Континуирано | 2. а) Проток на информации |
| | | 2. б) Умрежување на членовите на Секретаријатот со цел размена на информации | 2. б) Секретар | 2. б) 2006 година | 2. б) Постоење на електронски систем за проток и размена на информации |
| | 3. Критериуми за нови членови на Секретаријатот | 3. Изготвување на предлог критериум | 3. а) Секретар | 3. а) 2006 година | 3. а) Постоење на правилник |
| Подгрупа за борба против трговија со деца | 1. Усвојување на нацрт-план за борба против трговија со деца | 1. Спроведување на Акциониот план за борба против трговија со деца | 1. Претседавач на подгрупата | 1. 2006 година | 1. Анализа и изготвување на извештај за степенот на успешноста за спроведување на активностите |
| **1.2. Законска и регулативна рамка** | | | | | |
| | 1. Повисок степен на усогласеност на домашната легислатива со меѓународните стандарди | 1. а) Редовно ажурирање и предлагање на планови и спроведување на потпишани и ратификувани акти | 1. а) Влада на РМ | 1. а) 2006 - 2007година | 1. а) Број на ратификувани и потпишани договори |
| | | 1. б) Склучување билатерални договори во: Меѓународната правна помош;Регионалната соработка и Екстрадиција | 1. б) Влада на РМ/МВР | 1. б) 2006 година и континуирано | 1. б) Број на ратификувани и потпишани договори |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. в) Донесување, потпишување и ратификација на Конвенцијата за полициска соработка | 1. в) МВР на РМ | 1. в) 2006 година и континуирано | 1. в) Степен на примена |
| | 2. Спроведување на АП од ЕП | 2. а) Донесување на закон за следење на комуникации | | | 2. а) Број на извршени случаи (пред и по донесувањето) |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3. Промена на националното законодавство | 3. а) Усогласување на кривичното законодавство во функција на ефикасна борба против ОК;<br>3. б) Измена на законските одрдедби за регулирање на статусот за привремен престој во Законот за движење и престој на странци;<br>3. в) Измена и дополнување на Законот за кривична постапка во делот на проценетите мерки за заштита на сведоци;<br>3. г) Дефинирање на надлежностите на следниве сектори во МВР за борба против трговијата со луѓе: Гранична полиција, ООК, Одделение за странци и локална полиција;<br>3. д) Да се назначи ООК како водечко тело во борбата против трговијата со луѓе;<br>3. ѓ) Да се етаблира раководна единица во Транзитниот центар и да се изготват подзаконски акти во однос на истата;<br>3. е) Да се изготват подзаконски акти со цел регулирање на сите релевантни аспекти при постапувањето со жртви; | | 2007-2008 година | 3. г) Подобрување на работата поврзана со борбата против трговијата со луѓе помеѓу сите вклучени сектори;<br>3. д) Број на реализирани случаи;<br>- подобро дневно управување и подобрена кооординација помеѓу сите релевантни сектори во Министерството за внатрешни работи вклучени во борбата против трговијата со луѓе;<br>- број на проактивни истраги;<br>- подобра поделба на работите помеѓу овластените лица од различните релевантни сектори при Министерството за внатрешни работи;<br>- степен на ефикасноста на МВР во односното поле на дејствување;<br>- подобро управување со Транзитниот центар; |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.3. Изградба на капацитети** | | | | | |
| Зголемување на капацитетите на државни и недржавни субјекти за борба против трговија со луѓе преку пристап заснован на човекови права | 1. Креирање на политика за осмислување и спроведување на едукативни обуки | 1. а) Вклучување на редовна програма за едукација на слушатели во полициската академија и другите високо-образовни установи во однос на темата, трговија со луѓе | 1. а) Минист. за образование и МВР, Полициска академија | 1. а) 2006 година | 1. а) Зголемување на бројот на вклучени лица |
| | | 1. б) Општа и специјализирана обука за припадниците на органите надлежни за спроведување на законот како и за новинари, НВО, дипломатски персонал | 1. б) Обучени тренери | 1. б) 2006 година | 1. б) Број на обучени лица |
| | | 1. в) Дефинирање на целни групи за организирање и спроведувањена обуки | 1. в) МВР Полициска академија и меѓународни и НВО | 1. в) 2006 година | |
| | 2. Поддршка на капацитетот на постојната СОС-линија за помош на жртви на трговија со луѓе и превенција на трговијата со луѓе | 2. Континуирана едукација на оператори и обезбедување на континуирано функционирање на линијата | 2. Влада на РМ, НВО сектор-носител на СОС -линија, меѓународни организации | | 2. Успешно реализирани кампањи против трговијата со луѓе и превенирани случаи |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3. Зајакнување на капацитетот на постојното прифатилиште за жртвите на трговија со луѓе од Македонија | 3. Континуирана обука | 3. Влада на РМ и носителот на проектот, МТСП и НВО | 3. 2007 година и континуирано | 3. Зголемена активност на ваквите прифатилишта и спроведени истражувања во однос на домашната емиграција |
| **1.4. Менаџмент на информации и истражување** | | | | | |
| | 1. Континуирано истражување на феноменот | 1. а) Спроведување, истражување и анализи во доменот на трговијата со луѓе | 1. а) Канцеларија на НК, НВО, меѓународни организации, ПА и соодветни институции | 1. а) 2006 година и континуирано | 1. а) Број на направени истражувања и анализи |
| | 2. Регулирање на пристапот до податоците в.в. трг. со луѓе и нивна размена | 2. а) Разменување на податоци на национално, регионално и меѓународно ниво | 2. а) НК, НВО, меѓународни организации | 2. а) 2006 година и понатаму во континуитет | |
| | | 2. б) Подготовка на извештаи за јавност | 2. б) НК | 2. б) Годишно | 2. б) Број на направени анализи и извештаи |
| | | 2. в) Креирање на веб-страница на НК | 2. в) Секретаријат | 2. в) 2006 година | 2. в) Направена и ажурирана веб-страница |
| | | 2. г) Назначување на национален известувач | 2. г) НК | 2. г) 2006 година | 2. г) Изработена анализа |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3. Создавање на СОФТВЕР за податоци од доменот на трговијата со луѓе | 3. а) Внесување и обработка на податоци | 3. а) МВР и НВО | 3. а) Континуирано | 3. а) Успешно функционирање на дата-базата и обезбедување на статистички податоци |
| | | 3. б) Податоци од/за активностите на НВО и меѓународни организации и од спроведување на проекти | 3. б) НВО, НК и меѓународни организации | 3. б) Континуирано | |
| **1.5 Мобилизација на ресурси и буџет** | | | | | |
| Обезбедување на човекови и материјални ресурси за спроведување на НАП и СТР | 1. Обезбедување на инстутиционални претпоставки за функционирање на Комисијата | 1. а) Преглед на сите материјално-технички и финансиски потреби | 1. а) НК | 1. а) 2006 година | 1. а) Востановени соодветни буџетски линии за поддршка на човековите и материјалните ресурси |
| | | 1. б) Изготвување и одобрување на посебен буџет за потребите на комисијата | 1. б) НК и Влада на РМ | 1. б) 2006 година | 1. б) Востановени соодветни буџетски линии за поддршка на човековите и материјалните ресурси |
| | | 1. в) Прибавување на финансиски средства | 1. в) НК | 1. в) континуирано | 1. в) Востановени соодветни буџетски линии за поддршка на човековите и материјалните ресурси |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. г) Вработување на професионален кадар | 1. г) Влада и НК | 1. г) 2006 година | 1. г) Професионален кадар во опслужување на наведените активности со точно утврден опис на работните задачи |
| | | 1. д) Обезбедување на канцеларијата на Националната комисија (Секретаријат и подгрупа) | 1. д) Влада на РМ | 1. д) 2006 година | |
| | | 1. ѓ) Изработување на национален ресурсен план | 1. ѓ) НК | 1. ѓ) 2006 година | 1. ѓ) Зголемена ефикасност и координираност на НК |
| | | 1. е) Обезбедување на донатори | 1. е) НК | 1. е) 2006 година | |
| **1.6. Испитување, мониторинг и оценување** | | | | | |
| | Континуирано усовршување на Националниот одговор за трговијата со луѓе | 1. Изработка на сеопфатен план за испитување, мониторинг и оценување | 1. НК | 1. Крај на 2006 година | 1. Сеопфатен и ажуриран увид и преглед на состојбата (во секое време) |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| **2. ПРЕВЕНЦИЈА** | | | | | |
| **2.1. Подигање на свеста и едукација** | | | | | |
| Изградба на конзистентен и постојан систем за едукација и подигање на свест во однос на трговијата со луѓе и илегалната миграција | 1. Зголемен капацитет на НВ секторот вклучен во борбата против трговијата со луѓе и илегалната миграција | 1. а) Обука/дообука на НВО за новите трендови<br>1. б) Вклучување на НВО во кампањите за подигање на свесноста | 1. а) б) Владини институции, меѓународни владини и невладини организации, специјализирани НВО, високо-образовни институции | 1. а),б) од 2006 година | 1. а) б) Зголемен број на обучени НВО;<br>1. а) б) Целосна територијална опфатеност |
| | 2. Зголемување на свесноста на „ризичните групи“ спрема опасностите поврзани со трговијата со луѓе | 2. а) Препознавање на „ризични групи“<br>2. б) Организирање на кампањи во согласност со потребите на одделните ризични групи | 2. а) б), МВР, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и воспитно-образовни институции и невладини организации | 2. а) б) Континуирано | 2. Новоидентификувани ризични групи<br>- Зголемена свесност на одделните ризични групи<br>- Намален број на жртви кои произлегуваат од различните ризични групи |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3. Зголемување на свеста на корисниците и потенцијалните корисници на сексуални услуги од жртви на трговија со луѓе | 3. а) Кампањи за влијаење на свеста и дистрибуирање на соодветен пропаганден материјал на корисниците и потенцијалните корисници | 3. а) Органи за примена на законот, НВО | 3. а) Континуирано | 3. а) Зголемена опфатеност на корисници и потенцијални корисници во кампањите<br>- Изработени адекватни пропагандни материјали |
| | 4. Зголемување на свеста на надлежните државни органи за трговија со луѓе и илегални миграции | 4. а) Дизајнирање на соодветна обука на различни надлежни органи во борбата со трговијата со луѓе и илегална миграција | 4. а) Надлежни министерства во координација со НК и соодветните образовни институции | 4. а) 2006 година | 4. а) Зголемен број на откриени и процесуирани кривични дела трговија со луѓе |
| | | 4. б) Користење на резултатите од различни регионални проекти кои ја третираат оваа област преку сеопфатни обуки дополнително приспособени за различни структури | 4. б) Секретаријатот кој има увид и ги координира ваквите проекти, МО и соодветни институции | | 4. б) Постоење на соодветни едукативни содржини |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.2. Намалување на ранливоста** | | | | | |
| | 1. Превенирање на сите форми на дискриминацијата особено кај ризичните групи | 1. а) Промоција на кампањи за родова еднаквост | 1. а) МТСП и НВО | 1. а) 2006 година | 1. а) б) Зголомен број на вработени жени |
| | | 1. б) Кампањи за искоренување на сите форми на дискриминација | 1. б) МТСП и НВО | 1. б) 2006 година | 1. б) Подобрена идентификација на формите и случаите на дискриминација |
| | | 1. в) Олеснување на пристапот до пазарот на трудот (вработување, преквалификација, доквалификација) | 1. в) МТСП и НВО | 1. в) Континуирано од 2006 година | |
| | 3. Зголемување на можностите за законска миграција; психосоцијална, информативна | 3. а) Институционализирање на функциите на Миграцискиот информативен центар (МИЦ) | 3. а) МНР, МВР, ИОМ, невладини организации | | 3. а) Намалување на нелегалната миграција и последиците од неа |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | помош на мигранти од страна на стручни меѓународни организации | 3. б) Зајакнување на капацитетите на соодветниот оддел во Министерството за надворешни работи во однос на информациите за легална миграција | 3. б) МНР, МВР, ИОМ, невладини организации | | 3. б) Намалување на нелегалната миграција и последиците од неа |
| | | 3. в) Достапност на информациите за легална миграција до пошироката јавност (информативна линија на невладините организации) | 3. в) МНР, МВР, ИОМ, невладини организации | | 3. в) Намалување на нелегалната миграција и последиците од неа |
| **2.3. Административни контроли** | | | | | |
| Ажуриран систем на државна и инспекциска контрола | 1. Регулирање и мониторинг на секторите во општеството кои можат да бидат засегнати со трговијата со луѓе | 1. а) Стандардизирање на формите на контрола и регулирање на процесите за лиценцирање | Министерство за труд и социјална политика, Министерство за внатрешни работи и локалната самоуправа | | 1. а) Постоење на соодветна законска регулатива |
| | | 1. б) Интензивирање на соработката и координацијата помеѓу органите на државната управа | | | 1. б) Постоење на системи за лиценцирање на агенции за венчавање, вработување, туризам и придружба |
| | | 1. в) Донесување на протоколи за соработка врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу надлежните институции | | | 1. в) Број на донесени протоколи |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2. Зајакнување на координацијата на административна контрола на конзуларно ниво и на зајакнување на државната контрола | 2. а) Формирање на дата-база на податоци на фалсификувани документи и злоупотреби на влез/излез | 2. а) МНР (ДКП), МВР и Царинската управа | | 2. а) Бројот на откриени фалсификувани документи - бројот на одбиени визи поради сомневање во врска со трговија со луѓе |
| | | 2. б) Мониторинг на спроведувањето на други релевантни тековни и планирани акциони планови и усвоени регионални препораки (КАРДС) | 2. б) МНР (ДКП), МВР и Царинската управа | | 2. б) Број на обучени лица кои работат во пограничните служби |
| | 3. Поефикасна идентификација на жртви и сторители на кривични дела-трговија со луѓе на границите | 3. а) Обука на граничната полиција и спроведување на постојните прирачници за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и ажурирање | 3. а) НК, ПА, НВО и меѓународни организации | 3. а) Континуирано | 3. а) б) Број на одржани обуки. Достапност на прирачниците до слушателите и нивна приспособеност до целните групи |
| | | 3. б) Продоложување на практиката на пополнување на прашалници за идентификување на потенцијални жртви на трговија со луѓе на сите гранични премини. | 3. б) МВР | 3. б) Континуирано | 3. а) б) Зголемен број на попречени илегални влезови и процесирани случаи |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 3. в) Интензивирање на билатералната соработка и размената на информации со соодветните служби со земјите од Европската унија | | 3. в) Континуирано | 3. а) б) в) Број на лица-жртви на трговија со луѓе, идентификувани на граница |
| | | | | | 3. а) б) в) Број на трговци со луѓе уапсени на граница |
| | | | | | 3. а) б) в) Број на откриени жртви со проактивни истражни мерки<br>- Зголемен број на билатерални договори и соработка на овој план |
| **2.4. Идентификување на причини и последици за трговија со луѓе и истражување на појавата, воопшто, на ниво на Р. Македонија** | | | | | |
| | 1. Зголемување на истражувачки активности на аспектите во областа на трговијата со луѓе | 1. а) Анализа на состојби, податоци и извештаи за трговија со луѓе | 1. а) НК, МО, НВО и надлежни институции | 1. а) б) Континуирано | 1. а) Број на реализирани истражувања |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. б) Остварување на соработка со соодветните истражувачки центри од регионот | 1. б) НК, МО, НВО и надлежни институции | 1. а) б) Континуирано | 1. б) Број на реализирани истражувања |
| **3. ПОДДРШКА И ЗАШТИТА НА ЖРТВИТЕ И СВЕДОЦИТЕ** | | | | | |
| **3.1. Идентификација на жртвата** | | | | | |
| Стандардизиран пристап и обезбедување на рана идентификација на жртвите на трговија со луѓе | 1. Дефинирање на поимот жртва | | 1. а) МП | 1. а) 2006 година | |
| | 2. Спроведување на национален механизам за упатување на откриени жртви | 2. Упатување, заштита и помош на жртвите согласно со важечките стандарди | 2. Министерството за труд и социјална политика, НВО, ИОМ, МВР, НК | 2. а) 2006 година | |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2. а) Развивање на меѓусебна соработка меѓу институциите надлежни за откривање, процесуирање и санкционирање на сторителите на кривични дела од областа на трговијата со луѓе | 2. а) Унапредување на соработката меѓу МВР и Одделението за гонење на сторители на кривични дела во областа на организираниот криминал, од Основното јавно обвинителство | | | |
| | 3. Стандардизирана практика на размена на информации меѓу релевантни актери при идентификација на жртви | 3. Институционализирање и правно регулирање на веќе постојната позитивна практика во Транзитниот центар на МВР/ИОМ на стандардните оперативни процедури | | | 3. Постоење на поголем број остручени НВО за давање помош и асистенција на жртвите |
| | | 3. а) Стандардизиран прашалник при идентификација | 3. а) Центар за социјални работи, НВО,НК | 3. а) 2006 година | |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4. Редовна комуникација со сите институции, амбасади и конзуларни претставништва, меѓународни организации и НВО.<br>- Следење на случаи и правосилни пресуди за трговија со луѓе | | | | |
| | 4. а) Утврдување на критериуми за вклучување на НВ секторот во работата со жртви и пружање помош на истите | 4. а) НК, Секретаријат, меѓународни организации | | 4. а) 2006 година | |
| | | 4. б) Изготвување листа на НВО коишто ги исполнуваат горенаведените критериуми | 4. б) Секретаријат и НВО | 4. б) 2006 година | |
| | | 4. в) Континуирана надградба на човечките ресурси во НВО секторот кои дејствуваат на полето на на помош на жртвите | 4. в) НВО и Меѓународни организации | 4. в) 2006 година | |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.2. Период на размислување / стабилизација и статусот на престој** | | | | | |
| | 1. Донесување на законски одредби за привремен престој за сите **(претпоставени)** лица жртви на трговија со луѓе во државата, без оглед на нивната волја за соработка со органите во кривичната постапка | 1. Приготвување на законски текстови кои соодветно ќе ги рефлектираат меѓународните стандарди, од страна на соодветни мешовити тимови | 1. Соодветни работни групи формирани од Националната комисија и Секретаријатот | 1. 2006 година | 1. Зголемен број на лица на кои им е даден временски период за размислување во релација со бројот на асистирани лица жртви на трговија со луѓе<br>- Зголемен број на лица на кои им е издадена дозвола за привремен престој во релација на бројот на асистираните лица-жртви на трговија со луѓе<br>- Дисеминација на брошури/наменети за лицата на кои им е одобрен привремен престој за запознавање со нивниот статус, права и обврски<br>- Број на **(претпоставени)** лица -жртви на трговија со луѓе, кои се соодветно згрижени |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2. Давање на неопходна асистенција и психосоцијална помош во прифатилишта за жртви на трговија со луѓе од страна на владини институции и НВО | | | 2. Континуирано | |
| | 3. Дефинирање на статусот и улогата на Транзитниот центар, од аспект на периодот на стабилизација и престој на жртвите | | 3. МВР, МТСП и МНР | 3. 2006 година | |
| **3.3. Социјална поддршка и заштита на жртвите** | | | | | |
| Психосоцијална поддршка и заштита на жртвите | 1. Обезбедување на буџетски претпоставки и соодветна правна рамка, заснована врз обврските на државата кон потребната социјална, психолошка и правна помош на жртвите | 1. Измена и дополнување на законски текстови во однос на категоријата на корисници на ваква помош и грижа за жртвите од трговијата со луѓе | 1. НК, Секретаријатот и работни групи по однос на некои закони, НВО кои веќе работат во Транзитниот центар | 1. 2006-2007 година | - Број на жртви на кои им е укажана помош согласно меѓународно-утврдени стандарди, нивно учество во постапки, соодветна заштита и ефикасна социјализација |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2. Обезбедување на физичка безбедност на сите жртви од трговијата со луѓе и нивно сместување во соодветна институција | | | | 2. Транзитниот центар како институционализирана најдобра практика во законски текст;<br>- Зголемена безбедност на жртвите |
| | 3. Стандардизиран пристап во обезбедувањето на правила, информираност на жртвите во однос на нивните права, обврски, опции и можности | 3. Донесување на стандардни-оперативни процедури во однос на помошта на жртвата на ниво на законска одредба | | 3. 2006 година | 3. Остручени НВО во пружање помош согласно меѓународно-признаени стандарди<br>- Бројот на квалитетно подготвени материјали за правата на жртвите од трговија со луѓе |
| **3.4. Пристап до правните постапки, заштита на сведоци и судскиот третман на лицата-жртви на трговија со луѓе** | | | | | |
| Целосен пристап до правосудните и административните органи и пружање на соодветна стручна бесплатна помош | 1. Обезбедување, спроведување на специјален систем на заштита на сведоци за лицата-жртви на трговија со луѓе | 1. Воспоставување на системот на правна помош во Транзитниот центар и формализирање на пристапот на жени-адвокати до жртвите згрижени во Транзитниот центар | 1. МВР, НВО и жени адвокати | | 1. Постоење на специјален систем за заштита на сведоци на лицата-жртви на трговија со луѓе;<br>- број на лицата-жртви на трговија со луѓе, кои се опфатени со системот за заштита на сведоци;<br>- број на лица вклучени во системот на заштита на жртвите-сведоци опфатени со соодветна обука; |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | 2. Обештетување на жртвите од трговијата со луѓе во постапките против ОК | 2. Соодветна обука на службите за обезбедување на сведоците Соодветна обука на НВО, жени-адвокати и правосудни органи во однос на обештетувањето (член 101 од ЗКП) | 2. МВР, МП и ПА | | 2. Постоење на информативен материјал за жртвите - сведоци (на какви ризици се изложени доколку се одлучат да сведочат, кој ќе ги заштитува, кои се нивните права и др.) |
| **3.5. Реинтеграција, социјално вклучување, враќање** | | | | | |
| Превенција од повторна виктимизација | 1. Систематизирање на постапки за доброволна репатријација на жртвите од трговијата со луѓе | 1. Изготвување на упатства за постапување | 1. МТСП, МО и НВО | | 1. Постоење на поединечна проценка на ризикот за секое лице-жртва на трговија со луѓе |
| | 2. Реинтеграција и социјално вклучување на лицата-жртви на трговија со луѓе | 2. Изработка на програми за реинтеграција на жртви од трговијата со луѓе, државјани на Република Македонија<br>- Приоритет на вработување на жртвите од трговијата со луѓе, преку реинтегративни програми | | | 2.Процентот на лица-жртви на трговија со луѓе, кои имаат работа една година по нивната реинтеграција<br>- Процентот на лица жртви на трговија со луѓе кои имаат функционирачка социјална мрежа една година по нивната реинтеграција |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| **4. ИСТРАГА И КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ** | | | | | |
| **4.1. Проактивна и ретроактивна истрага** | | | | | |
| | 1. Давање на приоритет на примената на проактивните истраги | 1. а) Обука за примена на посебните истражни мерки | 1. а) МВР, ЈО соодветни образовни институции и МО | | 1. а) Број на реализирани обуки<br>- Број на опфатени службени лица од надлежните органи со обуките |
| | | 1. б) Воспоставување на оперативна база на податоци за трговија со луѓе и илегална миграција | 1. б) НК, МВР | | 1. б) Број на добиени информации во однос на трговијата со луѓе и илегална миграција |
| | | 1. в) Воведување на оперативен софтвер за управување со истраги за трговија со луѓе и илегална миграција | | | 1. в) Зголемен број на спроведени полициски истраги |
| **4.2. Меѓународна соработка меѓу органите надлежни за примена на законите (т.е. меѓународна криминалистичка соработка) и судска соработка** | | | | | |
| | 1. Зајакнување на постојните и изградба на нови институционални и други капацитети за меѓународна полициска и судска соработка | 1. а) Развивање и поголема кооперативност меѓу Националните централни бироа на ИНТЕРПОЛ | 1. МВР, МНР и МП | | 1. а) Зголемена ефикасност во меѓународната соработка |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. б) Унапредување на соработката со СЕКИ-центарот за борба против меѓуграничен криминал и развој на истиот согласно со новата стратегија усвоена на 20 состанок на Заедничкиот комитет за соработка | | | 1. б) Зголемена ефикасност во меѓународната соработка<br>- Воспоставување на координирана соработка на надлежните институции во РМ со регионални и меѓународни институции, организации и иницијативи |
| | | 1. в) Потпишување на стратегиски, како и оперативен договор со ЕВРОПОЛ | | | 1. в) Потпишан договор со ЕВРОПОЛ |
| | | 1. г) Развивање, унапредување на соработката и комуникацијата меѓу судските органи и јавните обвинителства | | | 1. в) Зголемена ефикасност во меѓународната соработка;<br>- Воспоставување на координирана соработка на надлежните институции во РМ со регионални и меѓународни институции, организации и иницијативи |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 1. д) Интензивирање на активностите на назначените националниодговорни лица и офицерите за врска во рамките на повеќе меѓународни организации, односно номинирање на лица на овие позиции во рамките на организации каде што тоа сè уште не е направено. | | | 1. д) Назначување на офицери за врска |
| | | 1. ѓ) Општа и специјализирана обука во делот на меѓународната соработка | | | |
| | 2. Оперативни активности на регионален план како и на меѓународно ниво | | **2.** МВР, Партнери; МНР, МП и НК | | 2. Усовршување на размената на податоци со други држави |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | - Координирање и учество во регионални оперативни акции од оваа област | | | 2. Изготвување и постапување по стандардизирани регионални прашалници за обавување на разговор со жртвите од трговијата со луѓе и анализа на добиените податоци на национално и регионално ниво заради развивање и спроведување на сеопфатен национален одговор против трговијата со луѓе;<br>- Откривање на патиштата, односно каналите и рутите за трговија, криумчарење со луѓе и илегална миграција;<br>- Идентификување на меѓународните криминални групи и поединци и нивно гонење;<br>- Идентификување, соодветна грижа, враќање и реинтеграција на жртвите, особено на ризичните групи, како што се жените и децата. |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | - Пронаоѓање и обезбедување на сведоци веќе репатрирани во матичните земји а потребни за сведочење пред надлежните судови во РМ;<br>- Реализирање на можноста за сослушување преку телефонска и видео-конференција;<br>- Согледување на *modus operandi* на извршување на кривичните дела од оваа област |
| | 3. Законодавни активности во делот на меѓународната соработка | 3. Потпишување, ратификување и спроведување на ратификуваните меѓународни конвенции и склучување билатерални договори | | | 3. Број на заеднички регионални или билатерални акции;<br>- Бројот на заеднички истраги со органите надлежни за примена на законите на други држави;<br>- Постоењето на заеднички истражни тимови;<br>- Осовременување на националното законодавство со цел создавање законска основа за поефикасна борба против трговијата со луѓе во делот на меѓународната соработка |

| Стратешки цели | Специфични цели и задачи | Активност / Подактивности | Назначени одговорности | Временска рамка | Критериуми за набљудување и евалуација |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.3. Полициски и судски третман на жртвите / сведоци** | | | | | |
| | 1. Потпишување на меморандум за разбирање за соработката помеѓу МВР и ИОМ за воспоставување на стандардни оперативни процедури во врска со нивните заеднички активности околу тргуваните лица и нивната поддршка и помош | | | | 1. Подобрена соработка помеѓу вклучените странки;<br>- Подобрено ниво на помош и поддршка на тргуваните лица |
| | 2. Потпишување на меморандум за соработка помеѓу МВР и НВО | | | | 2. Подобрена соработка помеѓу вклучените странки;<br>- Подобра вклученост од страна на НВО |



ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА
ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНАТА МИГРАЦИЈА
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Подгрупа за борба против трговија со деца*

# АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ДЕЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, март 2006 година**

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ........................................................................................................ **53**

**ОПШТИ ЦЕЛИ** ........................................................................................................ **53**

**ОСНОВНИ НАСОКИ И ПРИОРИТЕТИ НА АКЦИОНИОТ ПЛАН** ........................................ **54**

**ДЕФИНИЦИЈА НА ТРГОВИЈАТА СО ДЕЦА** ........................................................... **54**

**ПРАВНИ РЕФОРМИ** ........................................................................................................ **55**

1. Кривичниот законик на РМ ........................................................................ 55
2. Закон за кривична постапка ........................................................................ 55
3. Закон за семејство ........................................................................ 55
4. Закон за заштита на деца ........................................................................ 55
5. Закон за социјална заштита ........................................................................ 55
6. Закони за основно и средно образование ........................................................................ 56
7. Закон за заштита на сведоци ........................................................................ 56
8. Закон за малолетничка правда ........................................................................ 56

**ПРОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА** ........................................................................................ **57**

1. Истражувања/анализи/студии за појавата на трговија со деца ........................ 57
2. Идентификување на средините, заедниците и ризичните групи на деца и семејства кои носат висок ризик за појава на трговија со деца ........................ 57

**ПРЕВЕНЦИЈА** ........................................................................................................ **58**

1. Информирање и подигање на свеста за трговијата со деца и ризичните групи ..... 58
2. Преземање мерки од страна на државата за стимулирање на образованието на децата и креирање на подобра политика во однос на распределбата на буџетските средства имајќи го предвид најдобриот интерес на детето ..................... 59
3. Запознавање на децата со нивните права и нивна едукација за препознавање на ризичните фактори и самозаштита од трговијата .......................... 59
4. Идентификување на децата /жртви на трговија ........................................ 60

**ЗАШТИТА И ПОМОШ НА ДЕЦАТА – ЖРТВИ /СВЕДОЦИ ................................................61**

1. Обезбедување на минимум стандарди за третман, помош и заштита на деца-жртви на трговијата ........................................................................ 61
2. Спречување на натамошна виктимизација на децата-жртви на трговијата ............. 62

**РЕХАБИЛИТАЦИЈА, РЕИНТЕГРАЦИЈА И РЕПАТРИЈАЦИЈА ..........................................62**

1. Рехабилитација, реинтеграција и репатријација на деца-жртви на трговија............ 62
2. Поддршка на семејствата на децата-жртви на трговија и поддршка на дом-семејствата ........................................................................................... 63

**КООРДИНАЦИЈА НА НАДЛЕЖНИТЕ НАЦИОНАЛНИ ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..............................................................................63**

1. Соработка и координација на соодветните владини органи и институции, меѓународни и невладини организации со цел воспоставување на ефикасен систем за идентификување, упатување, прифаќање и давање на помош и заштита на децата-жртви/сведоци и кривичен прогон на сторителите...................... 63
2. Воспоставување и зајакнување на меѓународната соработка за олеснување на процесот на репатријација на децата-жртви/сведоци во земјата на потекло или нивно сместување во трети земји........................................ 64

**МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ДЕЦА.........................................................................64**



## ВОВЕД

Со цел заштита на децата во Република Македонија од нелегалната трговија и експлоатација, и давање приоритет на правата и интересите на децата, Република Македонија го донесе Акциониот план за борба против трговија со деца.

Република Македонија, како членка на ОН и потписник на Конвенцијата за правата на детето и на Светскиот план за акција, е обврзана да утврди национална стратегија за спроведување на Конвенцијата за правата на детето во законската регулатива и во практиката.

Акциониот план за борба против трговија со деца е заснован на Конвенцијата за правата на децата и на изјавата за обврзување потпишана на Четвртиот министерски форум во рамките на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа одржан на 10.02.2002 година во Софија, одредбите на Националната програма за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција во Република Македонија усвоена од Владата на Република Македонија на 05.02.2002 година и меѓународните документи за човекови права особено факултативниот протокол за продажба на деца, детска проституција и детска порнографија кон Конвенцијата за правата на детето, Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал и Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговија со луѓе, особено жени и деца.

Акциониот план за борба против трговија со деца се темели на четири основни начела вклучувајќи ги основните начела на Конвенцијата за правата на детето и тоа:

- Заштита на правата – вклучувајќи ја и заштитата од дискриминација од сите форми на злоупотреби, занемарување и експлоатација;
- Право на опстанок и развој вклучувајќи го правото на престој во прифатилиштата, со овозможување на пристап до здравствените установи, образовни институции, заштита на правата од економска експлоатација и заштита на физичкиот, психичкиот и менталниот развој на децата;
- Учество на децата во донесувањето на одлуки што се однесуваат на нивните права и интереси и нивно влијание во сите прашања поврзани со нивните права и интереси - вклучувајќи го и правото за формирање и презентирање на нивните погледи и мислења и правото да добиваат информации достапни и разбирливи за нив што придонесуваат за нивна благосостојба, како и нивна заштита од штетното влијание на разни информации, материјали и содржини;
- Најдобриот интерес на децата да биде апсолутен приоритет при креирањето на владината политика и при донесувањето на одлуки на секој поединец, институција или законодавниот орган.

## ОПШТИ ЦЕЛИ

Акциониот план има за цел да и обезбеди на Република Македонија средства и механизми за спроведување на заложбите за борба против трговијата со деца и унапредување на координацијата меѓу владините институции и меѓу владиниот и невладиниот сектор во борбата против трговијата со деца.

Со Акциониот план треба да се обезбедат механизми и добри практики за надминување на проблемите со трговијата со деца вклучувајќи ја заштитата на децата-жртви на трговијата, спречување на трговијата и експлоатацијата на децата и кривично гонење на оние коишто вршат трговија или експлоатација на деца или помагаат при враќањето на овие деца.

Акциониот план за спречување на трговијата со деца има за цел:

- да ја унапреди политиката на Република Македонија во однос на борбата против трговијата со деца и експлоатацијата на децата во однос на заштитата на децата-жртви на трговијата за период од 3 години;
- да воспостави минимум стандарди преку кои ќе се обезбеди заштита на ризичните групи деца, трудово-експлоатираните и запуштените деца потенцијални жртви на трговија;
- најдобриот интерес на децата да има примарно значење во заштитата на правата на децата-жртви;
- да не се исклучи ниедно дете од обезбедувањето на соодветната заштита од вклучување во трговијата или како жртва на трговијата;
- да се преземаат превентивни мерки за намалување на причините и ризиците што доведуваат до појава и зголемување на трговијата и експлоатацијата на децата;
- да им се обезбеди посебна заштита на децата со посебни потреби жртви на трговијата;
- да се вклучат децата со свои мислења и одлуки во преземањето на мерки за заштита од трговија;
- да се преземаат активности за идентификација, рехабилитација и реинтеграција на децата-жртви на трговијата.

Со Акциониот план за борба против трговијата со деца се обединуваат сите задачи и цели што Република Македонија треба да ги преземе за да се спречи трговијата со деца и да се заштитат децата-жртви на трговијата, врз основа на начелата на еднаквост, достапност, квалитет и ефикасност.

Работниот текст на НАП ги следи упатствата на „Водичот“ на УНИЦЕФ за посебни мерки на заштита на правата на децата-жртви на трговија во Југоисточна Европа, од 2003 година.

## ОСНОВНИ НАСОКИ И ПРИОРИТЕТИ НА АКЦИОНИОТ ПЛАН

Заради остварување на целите на Акциониот план се утврдуваат следните насоки и приоритети:

- целосно спроведување на Конвенцијата за правата на детето, факултативниот протокол кон Конвенцијата за продажба на деца, проституција и порнографија на деца и другите меѓународни документи што ги утврдуваат механизмите и обврските за заштита на децата од трговијата со луѓе и друг вид насилство и злоупотреби;
- воспоставување на соодветни механизми и начини на координација на инволвираните субјекти при спроведувањето на законската регулатива и програмските задачи;
- обезбедување на можни извори на средства за спречување на трговијата со деца и заштита на децата-жртви на трговијата;
- едукација на децата за препознавање на нивните права и обврски и стекнување на вештини за самозаштита и едукација на соодветните субјекти што треба да им обезбедат заштита на децата, како и подигање на јавната свест за постоењето на трговијата со деца и за потребата од бескомпромисна борба на сите против трговијата со деца;
- донесување соодветни законски решенија и промена на практиката за заштита на децата;
- унапредување на соработката меѓу владините институции и меѓу владиниот и невладиниот сектор во поглед на обезбедување помош и заштита на децата.

## ДЕФИНИЦИЈА НА ТРГОВИЈАТА СО ДЕЦА

Приспособување на дефиницијата на поимот дете во националното законодавство со меѓународните стандарди (Конвенцијата на

ОН за правата на детето, Протокол на ОН за превенција, спречување и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца).

Акциониот план ја прифаќа дефиницијата на трговија со луѓе содржана во Протоколот од Палермо и соодветно спроведување во инкриминацијата содржана во член 418-а „Трговија со луѓе“ од КЗ, но дефинирана како посебно кривично дело извршено спрема деца до 18 - годишна возраст и со додавање дека како трговија со деца ќе се третира и во случај кога детето доброволно се согласило на трговија, односно на сексуална или друг вид експлоатација.

## ПРАВНИ РЕФОРМИ

Потреба за измени и дополнувања на постојните закони и други нормативни акти кои го третираат проблемот на децата, при што е потребно да се изменат и дополнат:

1. Кривичниот законик на РМ
   - со нормирање на нов член за трговија со деца, односно трговијата со деца да се предвиди како посебно одвоено кривично дело;
   - да се предвиди казна и за обид за вршење на ова кривично дело;
   - да се предвиди како квалификуван облик на кривичното дело трговија со деца, ако делото е извршено од страна на родителите.

2. Закон за кривична постапка
   - да се предвиди задолжително обезбедување на бесплатна правна помош во кривичната постапка во која жртви на трговија се деца;
   - сослушувањето на децата-жртви на трговија да биде во посебна и соодветно опремена соба и во присуство на посебно обучени кадри за работа со оваа категорија на деца: судија, социјален работник, психолог и адвокат;

3 Закон за семејство
   - да се предвиди вршење на задолжителен надзор над родителското право од страна на центрите за социјална работа над семејства каде постојат индиции и опасности од вклучување на децата во трговија, или во друг вид присилна работа;
   - подготвување на децата-жртви на трговија да се вратат во нормалниот живот во сопственото семејство кое правилно ќе се грижи за натамошниот развој на детето, но со постојан надзор од страна на стручен тим од центарот за социјална работа составен од социјален работник, психолог и здравствен работник;
   - доколку нема услови за враќање на детето во неговото семејство како приоритетно решение да се предвиди сместување во друго семејство, кое е посебно обучено за грижа со ваква категорија на деца и на кое државата им обезбедила посебна материјална и стручна поддршка за извршување на наведената работа;
   - на децата-жртви на трговија кои се без родители или родителска грижа, или се деца од друга држава, задолжително им се определува старател.

4. Закон за заштита на деца
   - предвидување посебни мерки за вклучување на децата-жртви на трговија или друг вид присилна работа во образовните установи и за нивна рехабилитација и ресоцијализација.

5. Закон за социјална заштита
   - предвидување мерки за намалување на сиромаштијата, односно гарантирање и обезбедување минимум средства за егзистенција на семејствата што имаат малолетни деца, а на кои преку вработување или на друг начин не може да им се обезбеди остварување на средства за егзистенција, особено преземање на социјални мерки за семејства кај кои се идентификувани деца-жртви на трговија, или на друг

вид присилна работа  поради тешката социјална положба;

- предвидување соодветен систем за идентификација и регистрирање на децата на улица, или на децата трудово-експлоатирани и преземање соодветни мерки за нивна заштита со сместување во дневните центри и со помош и едукација на децата и на нивните родители, како и со поврзување на дневните центри со образовните установи заради вклучување на овие деца во редовно образование;
- мерките што ќе се преземаат спрема оваа категорија деца надвор од дневниот центар (во семејството, училиштето и пред други институции) да биде под постојан надзор на социјален работник и психолог од центарот за социјална работа;
- создавање законска обврска за формирање прифатилишта за децата-жртви на трговија во кои прифатилишта треба да бидат ангажирани социјален работник, психолог и здравствен работник;
- во прифатилиштето да бидат ангажирани строго доверливи и посебно обучени  лица и местоположбата на прифатилиштето да биде позната само на одреден круг лица, кои имаат обврска да преземаат соодветни мерки за заштита на децата.

6. Закони за основно и средно образование
   - воведување на човековите права како задолжителна содржина во наставните планови и програми во сите степени на основно и средно образование;
   - вклучување на децата во училиштата во донесувањето на одлуки што се однесуваат на нивните права и интереси;
   - опремување на училиштата врз основа на утврдени стандарди со цел обезбедување соодветни услови за образование, односно училиштата да станат  пријатели на децата;
   - обука на наставниот кадар заради оспособување на децата со знаења и вештини за самозаштита од сите видови повреди и злоупотреби.

7. Закон за заштита на сведоци
   - За децата-жртви на трговија кои сакаат и се во состојба да сведочат во постапките против лицата вклучени во синџирот на трговијата со деца задолжително да им се определи лице-придружник, кој ќе им помага и ќе ги придружува во сите постапки и пред сите органи и институции.

8. Закон за малолетничка правда
   Република Македонија, како членка на ООН, Советот на Европа и потписник на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, а особено имајќи предвид дека Собранието на Република Македонија на 24.09.2004 година донесе Закон за ратификација на Конвенцијата од Палермо со протоколите, презема активности за спроведување на сите меѓународни норми и стандарди што го уредуваат подрачјето на превенција на малолетничката деликвенција и системот на малолетничка правда, за чија цел треба да се донесе посебен закон за малолетничка правда. Со овој закон треба да се предвидат мерки за превентивна активност за спречување на малолетничката деликвенција, мерки за заштита  на децата во судир со законот со предвидување на повеќе алтернативни, односно вонсудски мерки и мерки за ресоцијализација и рехабилитација на децата во судир со законот. Воедно, со овој закон треба да се предвидат и мерки за заштита на децата-жртви и оштетени.

## КРАТКОРОЧНА ЦЕЛ

- Ратификување на меѓународни конвенции и протоколи (Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал, Протоколот

на ОН за превенција, спречување и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца и Хашката конвенција бр.33 за заштита на децата и соработка по однос на меѓудржавните посвојувања).

- Потпишувањето и ратификацијата на Хашката конвенција е оценета како СРЕДНОРОЧНА ЦЕЛ. Во однос на ратификацијата на Хашката конвенција, УНИЦЕФ во текот на изминатата година лобираше во Министерството за труд и социјална политика во однос на ова прашање. Лобирањето на овој план ќе продолжи и во наредниот период. ОБСЕ ќе ги поддржува правните реформи со експертски коментари.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Обезбедување на правна рамка, успешно спроведување на предложените измени и дополненија на КЗ.
НОСИТЕЛ: Министерството за правда.
ПАРТНЕРИ: Ресорни министерства, домашни невладини и меѓународни организации (УНИЦЕФ, ОБСЕ, ИОМ ).
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Министерството за правда со можна поддршка од меѓународни организации - донации).
РОК: До крајот на 2006 година.

## ПРОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА

1) Истражувања /анализи/ студии за појавата на трговија со деца

### *АКТИВНОСТИ*

а) Утврдување и дефинирање на факторите на ризик за трговија со деца и намалување на социоекономските причини кои доведуваат до појава на трговија со деца (сиромаштија, економска нестабилност, невработеност, дискриминација, статусот на жените и децата, дисфункционалност на семејствата и сл.);

б) подготовка и објавување на извештаи и релевантни статистики за трговија со деца на национално и мегународно ниво;

в) мониторинг и континуирана евалуација на спроведувањето на Нацрт-акциониот план;

г) сеопфатна проценка и зацртување на мрежата на служби и услуги достапни за децата-жртви на трговија.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Поседување на релевантни податоци и нивна диссеминација.
НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТА: МВР
ПАРТНЕРИ: Министерствата за труд и социјална политика, за образование и за правда и меѓународни и невладини организации.
РОК: До крајот на 2008 година.

2) Идентификување на средините, заедниците и ризичните групи на деца и семејства кои носат висок ризик за појава на трговија со деца

### *АКТИВНОСТИ*

а) Развивање на инструменти, методологии и индикатори во согласност со меѓународните стандарди, со цел мониторирање на појавата на трговија со деца;

б) Воспоставување на систем за идентификација, регистрирање и мониторирање на децата на улица (односно децата надвор од процесот на образование), злоупотребите на детскиот труд и други форми на експлоатација и дискриминација.
Активноста ќе биде насочена кон соодветниот третман и заштита на детето преку разни форми на помош, со цел превенирање од трговија (нивно сместување во дом-семејства, дневни центри и сл.);

в) Собирање податоци и воспоставување база на податоци за деца-жртви, сторители и корисници на услуги, како и идентификуваните деца-жртви на трговија (домашни и странски државјани), децата кои се во ризик од трговија поради присуство на најразлични ризик-фактори, како и за сторителите на ваков вид дела.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Соодветна заштита на децата-потенцијални жртви и пособоодветна превентива.
НОСИТЕЛ: Министерството за труд и социјал-

на политика.
ПАРТНЕРИ: МВР, Центри за социјална работа, локалната самоуправа
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Министерството за труд и социјална политика (со можна поддршка од невладини и меѓународни организации - донации).
РОК: Крај на 2008 година.

## ПРЕВЕНЦИЈА

1) Информирање и подигање на свеста за трговијата со деца и ризичните групи

### *АКТИВНОСТИ*

а) Одржување превентивни лекции во основни и средни училишта, како и други воспитно-образовни установи, со цел информирање на учениците и училишниот кадар за проблемот на трговија со деца, делење на брошури и информативни летоци на наставниците и децата преку наставните планови и програми за граѓанско образование во училиштата.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Обучени и оспособени поголем број деца вклучени во образовниот процес, особено кај ризичните групи за трговија со деца.
НОСИТЕЛ: Министерството за образование и локалната самоуправа.
ПАРТНЕРИ: Релевантните министерства, меѓународни и невладини организации, локална самоуправа.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Министерството за образование и локалната самоуправа (со можна поддршка од невладини и меѓународни организации - донации).
РОК: Во континуитет до 2008 година.

а) Организирање на медиумски кампањи насочени кон информирање и сензибилизирање на пошироката јавност за проблемот на трговијата со деца, причините кои придонесуваат за нејзината појава и последиците од неа и формирање на фондови во локалната самоуправа за таа цел, кои ќе се обезбедуваат преку донаторски активности.

б) Поширока медиумска кампања за информирање на родителите (семејствата) и другите граѓани со цел препознавање на трговијата со деца и заштита од неа.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Сензибилизирана севкупна јавност, особено родителите, за постоење на трговијата со деца и нејзино препознавање.
НОСИТЕЛ: Министерството за образование.
ПАРТНЕРИ: Подгрупата за борба против трговија со деца, релевантните министерства, меѓународни и невладини организации.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Министерството за образование и локалната самоуправа (со можна поддршка од невладини и меѓународни организации - донации).
РОК: Во континуитет до 2008 година.

г) Организирање на информативни и едукативни семинари на вработените во државни институции на локално и национално ниво, со анимирање на локалната самоуправа во однос на идентификување на проблемите, заради подигање на свеста и нивни превентивни активности во вршење на професионални задачи, вклучувајќи ја и Владата на Р. Македонија како креатор на политиката на полето на детската заштита.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Обучен кадар во државните институции и идентификација на проблемот.
НОСИТЕЛ: Министерството за труд и социјална политика.
ПАРТНЕРИ: Подгрупата за борба против трговија со деца, релевантните министерства, меѓународни и невладини организации, единиците на локалната самоуправа.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Министерството за труд и социјална политика (со можна поддршка од невладини и меѓународни организации - донации).

РОК: Во континуитет до 2008 година.

д) Информирање и едукација на родителите и семејствата кои се социјално загрозени за ризиците од трговијата со деца;

ѓ) Реинтеграција во општеството преку доделување на мали грантови за самовработување или други форми на помош.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Едуцирани социјално загрозени семејства и намалување на невработеноста.
НОСИТЕЛ: Министерството за труд и социјална политика.
ПАРТНЕРИ: Подгрупата за борба против трговија со деца, релевантните министерства, меѓународни и невладини организации, единиците на локалната самоуправа.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Министерството за труд и социјална политика (со можна поддршка од невладини и меѓународни организации - донации).
РОК: Во континуитет до 2008 година.

е) Обука на невладини организации во Р. Македонија за спроведување на превентивни активности за проблемот на трговија со деца;

ж) Обуки на претставници на медиумите со цел за нивно запознавање со проблемот на трговијата со деца и пососоодветно презентирање на случаите преку средствата за јавно информирање.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Вклучување на обучен кадар од невладиниот сектор во реализација на предвидените превентивни мерки на државата. Објективно и адекватно презентирање на појавата на трговијата со деца во средствата за јавно информирање.
НОСИТЕЛ: Подгрупата за борба против трговија со деца.
ПАРТНЕРИ: Релевантните министерства, меѓународни и невладини организации, единиците на локалната самоуправа.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Невладини организации со финансиска поддршка на меѓународни организации.
РОК: До крајот на 2006 година.

2) Преземање мерки од страна на државата за стимулирање на образованието на децата и креирање на подобра политика во однос на распределбата на буџетските средства имајќи го предвид најдобриот интерес на детето.

***АКТИВНОСТ:***

а) Вклучување на сите деца - инклузија во образовниот процес што вклучува материјална и друга поддршка на државата за посета на децата во образовните институции.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Намален број на деца надвор од образовниот процес, особено во основното образование.
НОСИТЕЛ: Министерството за образование.
ПАРТНЕРИ: Подгрупата за борба против трговија со деца, МВР, релевантните министерства, меѓународни и невладини организации, единиците на локалната самоуправа.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Министерството за образование.
РОК: Во континуитет до 2008 година.

3) Запознавање на децата со нивните права и нивна едукација за препознавање на ризичните фактори и самозаштита од трговијата.

а) Воведување на човековите права како задолжителна содржина во формалното образование и мотивирање на децата за нивно практикување;

б) Поактивно учество на децата во преземање на мерки за нивна заштита во превенција и ресоцијализација.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Адекватно вклучување на децата во одлуките кои се однесуваат на нивните права.
НОСИТЕЛ: Сите релевантни министерства.
ПАРТНЕРИ: Подгрупата за борба против трговија со деца, меѓународни и невладини орга-

низации, единиците на локалната самоуправа, Агенцијата за спорт и млади.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Министерство за образование.
РОК: Во континуитет до 2008 година.

4) Идентификување на децата-жртви на трговија

***АКТИВНОСТ:***

а) Преземање мерки за воспоставување на ефикасни процедури за брза идентификација на децата-жртви на трговија преку воспоставување на координирана размена на информации и податоци помеѓу полицијата, граничните служби, центрите за социјална работа, училиштата, здравствените институции, невладините организации и народниот правобранител.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Координиран настап на државата и намалување на темната бројка на случаи од овој вид криминал.
НОСИТЕЛ: Сите релевантни министерства.
ПАРТНЕРИ: Подгрупата за борба против трговија со деца, меѓународни и невладини организации, единиците на локалната самоуправа.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Министерството за труд и социјална политика (со можна поддршка од невладини и меѓународни организации - донации).
РОК: Во континуитет до 2008 година.

б) Зајакнување на контролата над границите и илегалните премини од страна на граничната полиција и зголемување на надзорот од страна на одговорните служби за странци, особено кога децата патуваат без родителска придружба.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Намален број на илегални преминувања на деца.
НОСИТЕЛ: МВР
ПАРТНЕРИ: Подгрупата за борба против трговија со деца, релевантните министерства, меѓународни и невладини организации, единиците на локалната самоуправа.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: МВР
РОК: Во континуитет до 2008 година.

в) Промовирање и поддршка на постојната СОС-линија која функционира во НВО за потребите на децата и младите жртви на трговија, со вклучување на претставници на медиумите како партнери и проширување на истата на локално ниво со обврска на Владата за изнаоѓање трајно решение.

г) Унапредување и поддршка на постојните инфо-советувалишта и телефонски линии во невладиниот сектор во соработка со локалните мрежни НВО за превенција од трговија со луѓе на локално и национално ниво, кои нудат услуги за информирање и советување за ризици поврзани со заминување на младите во странство заради работа или студии; правно советување; помош за остварување на контакти со владини институции; психосоцијална помош; емоционална поддршка и кризна интервенција; помош за враќање во матичната земја и насочување кон други служби.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Унапредување и поддршка на постојните СОС- линии. Намалување на бројот на потенцијални жртви на трговијата.
НОСИТЕЛ: НВО
ПАРТНЕРИ: Подгрупата за борба против трговија со деца, релевантните министерства и меѓународни организации.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Невладини организации со финансиска поддршка на бизнис- секторот и меѓународни организации.
РОК: Во континуитет до 2008 година.

## ЗАШТИТА И ПОМОШ НА ДЕЦАТА – ЖРТВИ / СВЕДОЦИ

1) Обезбедување на минимум стандарди за третман, помош и заштита на деца-жртви на трговијата.

### *АКТИВНОСТ*

а) Формирање на мобилни мултидисциплинарни тимови во центрите за социјална работа, со претставници од надлежните институции, стручни лица (Центар за социјална работа, Министерство за внатрешни работи и НВО), кои ќе бидат на располагање 24 часа, со цел спроведување на стандардните процедури при откривање на дете - жртва на трговија (првичен прифат и разговор - интервју со детето и негово привремено сместување во соодветна институција).

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Тимски пристап и поефикасна заштита на децата- жртви на трговија.
НОСИТЕЛ: Министерството за труд и социјална политика.
ПАРТНЕРИ: Ресорни министерства, меѓународни и НВО.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Министерството за труд и социјална политика (со можна поддршка од невладини и меѓународни организации - донации).
РОК: До крајот на 2006 година.

б) Изнаоѓање соодветни просторни капацитети за сместување на деца- жртви/сведоци на трговија (одделно сместување на деца - странски и домашни државјани);
в) Обезбедување на основните егзистенцијални потреби, психолошка, социјална, здравствена, образовна и правна помош на децата-жртви/сведоци на трговија, сместени во прифатните центри.

РОК: До крајот на 2006 година.

г) Адаптација на простории во постојниот Транзитен центар за странци, за деца-странци и адаптација на простории во постојните институции за заштита на децата за првичен прифат на деца-жртви од Р. Македонија.

РОК: До крајот на 2006 година.

д) Изнаоѓање на трајно решение, односно објект од траен карактер за заедничко сместување на децата-жртви, домашни и странски државјани;
ѓ) Организирање на прифатни центри во средините каде што е поизразена појавата на трговијата со деца.

РОК: До крајот на 2008 година.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Организирано сместување и поддршка на децата- жртви.
НОСИТЕЛ: МВР и Министерството за труд и социјална политика.
ПАРТНЕРИ: Другите ресорни министерства и невладини и меѓународни организации (УНИЦЕФ, ИОМ и ОБСЕ).
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: МВР и Министерството за труд и социјална политика и невладини организации (со финансиска поддршка од меѓународни организации - донации).

е) Брза и ефикасна идентификација на децата-жртви/сведоци и назначување на нивен старател по службена должност, лице-придружник (претставник од НВО);
ж) Организирање на прифатни центри во средините каде што е поизразена појавата на трговија со деца;
з) Обезбедување бесплатна правна помош и превод на мајчин јазик;
ѕ) Изнаоѓање на трајно решение, односно објект од траен карактер за заедничко сместување на децата-жртви/домашни и странски државјани;
и) Изнаоѓање на дом-семејства за сместување на децата-жртви на трговијата.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Организирано сместување и поддршка на децата- жртви.

Пружање соодветна помош и намалена виктимизација на децата-жртви.
НОСИТЕЛ: МВР и Министерството за труд и социјална политика, односно центрите за социјална работа.
ПАРТНЕРИ: Другите ресорни министерства, меѓународни и НВО.
РОК: Во континуитет до 2008 година.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: МВР и Министерството за труд и социјална политика и невладини организации (со финансиска поддршка од меѓународни организации - донации).

2) Спречување на натамошна виктимизација на децата-жртви на трговијата.

### *АКТИВНОСТИ:*

а) Обука на претставници од сите надлежни институции за помош и заштита на жртви кои на кој било начин, професионално, имаат допир со проблемот на трговијата со деца (судии, јавни обвинители, адвокати, правници, социјални работници, психолози, педагози, дефектолози, здравствени работници, припадници на Министерството за внатрешни работи и невладини организации), за спроведување на посебните мерки на заштита на децата-жртви/сведоци на трговија во сите фази, почнувајќи од идентификацијата, заштитата, па сè до конечната рехабилитација, реинтеграција и репатријација на децата;
б) Примена на посебни техники на водење разговор со децата-жртви/сведоци, со почитување на нивните основни права и почитување на нивната личност и достоинство;
в) Обезбедување соодветна помош за децата со посебни потреби - жртви од трговија особено во случаи на инвалидитет, психички нарушувања, болест и бременост.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Оспособен кадар за соодветно постапување со жртвите на трговија со деца.
НОСИТЕЛ: МВР, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование.
ПАРТНЕРИ:Подгрупата за борба против трговија со деца, релевантни министерства и НВО.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Невладини организации, МВР и Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование (со финансиска поддршка од меѓународни организации и други донации).
РОК: Во континуитет до 2008 година.

## РЕХАБИЛИТАЦИЈА, РЕИНТЕГРАЦИЈА И РЕПАТРИЈАЦИЈА

1) Рехабилитација, реинтеграција и репатријација на децата-жртви на трговија

### *АКТИВНОСТИ*

а) Рехабилитација и подготовка за реинтеграција во средината ќе се одвива во прифатниот центар, преку пружање психосоцијална поддршка и тренинг на социјални вештини за реинтеграција на децата-жртви на трговија;
б) Спроведување на трајни решенија за децата-жртви/сведоци на трговијата за враќање во семејството и сместувањето во други семејства.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Оспособени деца за поуспеша реинтеграција во средината.
НОСИТЕЛ: НВО, Министерството за труд и социјална политика.
ПАРТНЕРИ: Подгрупата за борба против трговија со деца, релевантните министерства, меѓународни организации.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Невладини организации и Министерството за труд и социјална политика (со финансиска поддршка од меѓународни организации - донации).
РОК: Во континуитет до 2008 година.

в) Зајакнување и унапредување на НВО кои пружаат психо-социјална поддршка и помош на децата-жртви на трговија.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Едуциран кадар од НВО кој ќе работи на проблематиката.
НОСИТЕЛ: НВО
ПАРТНЕРИ: Подгрупата за борба против трговија со деца, релевантните министерства, меѓународни организации.
РОК: До крајот на 2006 година.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Невладини организации (со финансиска поддршка од меѓународни организации - донации).

г) Репатријација на децата-жртви на трговија со луѓе во нивните матични земји или нивно сместување во трети земји.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Децата-жртви ќе бидат сместени во безбедни средини согласно со нивниот најдобар интерес.
НОСИТЕЛ: Министерството за внатрешни работи.
ПАРТНЕРИ: Министерството за труд и социјална политика, подгрупата за борба против трговија со деца, релевантните министерства, меѓународни организации.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Министерството за внатрешни работи и невладини организации (со финансиска поддршка од меѓународни организации - донации).
РОК: Во континуитет до 2008 година.

2) Поддршка на семејствата на децата-жртви на трговија и поддршка на дом-семејствата.

### *АКТИВНОСТИ*

а) Материјална и професионална поддршка од страна на државата на семејствата кои ќе ги прифатат децата-жртви на трговија и нивен надзор од страна на Министерството за труд и социјална политика;
б) Информативни кампањи за општата популација во Р. Македонија со цел поттикнување на поголем број семејства (дом-семејства) за прифат и престој на децата-жртви на трговија и нивна соодветна обука, како и предвидување на материјална и друга поддршка и погодности.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Адекватен број на оспособени семејства за прифат и сместување на децата - жртви и пружање на соодветна поддршка.
НОСИТЕЛ: Министерството за труд и социјална политика.
ПАРТНЕРИ: Подгрупата за борба против трговија со деца МВР, релевантните министерства, меѓународни и невладини организации, единиците на локалната самоуправа.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Министерството за труд и социјална политика и невладини организации (со финансиска поддршка од меѓународни организации - донации).
РОК: Во континуитет до 2008 година.

## КООРДИНАЦИЈА НА НАДЛЕЖНИТЕ НАЦИОНАЛНИ ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

1) Соработка и координација на соодветните владини органи и институции, меѓународни и невладини организации со цел воспоставување на ефикасен систем за идентификување, упатување, прифаќање и давање помош и заштита на децата-жртви/сведоци и кривичен прогон на сторителите.
а) Потпишување меморандуми за разбирање и соработка на сите релевантни институции;
б) Склучување билатерални и мултилатерални договори по потреба, за соработка со земјите од кои и во кои децата се жртви-сведоци на трговија, со цел спречување на трговијата и обезбедување нивно сигурно враќање.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Подобра соработка и ефикасна координација на национално, регионално и меѓународно ниво.
НОСИТЕЛ: Министерството за надворешни работи.
ПАРТНЕРИ: Сите релевантни министерства.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Министерството за надворешни работи.
РОК: Во континуитет до 2008 година.

2) Воспоставување и зајакнување на меѓународната соработка за олеснување на процесот на репатријација на децата-жртви/сведоци во земјата на потекло или нивно сместување во трети земји.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Подобра соработка и ефикасна координација на национално, регионално и меѓународно ниво.
НОСИТЕЛ: Министерството за внатрешни работи и ИОМ.
ПАРТНЕРИ: Сите релевантни министерства, невладини и меѓународни организации.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Министерството за внатрешни работи и ИОМ.
РОК: Во континуитет до 2008 година.

а) Формирање и користење на веќе постојните регионални мрежи за размена на информации, податоци и искуства на подгрупите за спречување на трговија со деца од Југоисточна Европа и пошироко.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ: Намалување на бројот на жртви од трговија со деца, следење и информирање, како и користење туѓи искуства и експертизи и транспарентност во соработката.
НОСИТЕЛ: Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и подгрупата за борба против трговија со деца.
ПАРТНЕРИ: Сите релевантни министерства, меѓународни и невладини организации.
НОСИТЕЛ НА ФИНАНСИСКИ ТРОШОЦИ: Невладини организации (со финансиска поддршка од меѓународни организации - донации).
РОК: Во континуитет до 2008 година.

## МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ДЕЦА

Следењето на спроведувањето на Акциониот план за борба против трговија со деца ќе се врши од страна на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во Република Македонија.
За активностите на подгрупата ќе биде известувана Националната комисија за борба против трговија со луѓе на секои шест месеци, а по потреба и порано, а истата ќе ја информира Владата на Република Македонија и Собранието на РМ.

Подгрупата ги определи роковите:

- Краткорочна цел: до крајот на 2006 година
- Среднорочна цел: 1 година по усвојувањето на НАП (крај на 2007 година)
- Долгорочна цел: 2 години по усвојувањето (крај на 2008 година)